Основен суд Охрид
Ул. "Македонски Просветители" бб
Тел. 046/261-156
Фах. 046/262-138

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ОСНОВНИОТ СУД ОХРИД ВО 2016 ГОДИНА

## В О В Е Д

Основниот суд Охрид, како самостоен и независен државен орган ја извршува судската власт врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, ја обезбедува примената на правото и заштитата на човековите слободи и права, правната сигурност и создавањето на услови да секој граѓанин ги ужива човековите права и слободи на територијата на општините Охрид и Дебарца.

Во текот на извештајниот период контролата за превземените дејствија се вршела и на седниците на судиите и одделите каде се разгледувале резултатите на судот и судиите, по однос на квантитетот и квалитетот, бројот и видот на решени предмети, нерешени предмети, старите нерешени предмети и приливот на нови предмети.

За што пореален приказ на вкупните резултати, во Извештајот дадени се согледувања на резултатите на секој судија при извршувањето на надлежностите преку показатели за тековниот прилив на нови предмети, вкупниот обем на работа со приказ на заостатокот од нерешени предмети на почетокот на годината, остварената ажурност и ефикасност преку бројот на решените предмети и бројот на нерешените предмети на крајот на годината.

Резултатите на секој судија согледани се преку вкупниот број на решени предмети, видот на предмети по кои судијата постапувал, остварените резултати, квалитетот при одлучувањето, кој е согледан преку вкупниот број на донесените одлуки, бројот на обжалените одлуки и показателите за потврдени, укинати и преправени одлуки.

Основниот суд Охрид, настојуваше со постоечките кадровски и материјални капацитети да го реши приливот на предмети и да ја оствари функцијата утврдена со Уставот и законот за судовите, со доследна примена на законските прописи и воедначување на судската практика.

**Годишен извештај**

**СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА ЦЕЛА 2016 ГОД.**

| ОСНОВЕН СУД ОХРИД | | Нерешени на почеток | Новопримени | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Определени дејствија во претходна постака | 2 | 348 | | 350 | 344 | 6 |
| КРИВИЧЕН ОДДЕЛ | Оцена на обвинителен акт во кривично | 2 | 18 | | 20 | 19 | 1 |
| | Разни кривични предмети | 80 | 3304 | | 3384 | 3321 | 63 |
| | Предмети за кривични полнолетни | 251 | 342 | | 593 | 295 | 298 |
| | Кривични малолетни | 9 | 15 | | 24 | 12 | 12 |
| | Замолници во кривична област | 4 | 45 | | 49 | 45 | 4 |
| | Кривичен совет ( во претходна постака ) | 34 | 344 | | 378 | 322 | 56 |
| | **Прекршочни предмети** | 1279 | 1303 | 10 | 2572 | 1539 | 1033 |
| | Разни прекршочни предмети | 7 | 375 | 3 | 379 | 376 | 3 |
| | Извршување на прекршочни глоби, трош.и паушал | 1966 | 1449 | | 3415 | 2881 | 534 |
| | КУИКП | 51 | 63 | | 114 | 64 | 50 |
| | Извршување на одземен имот и предмети | 26 | 70 | | 96 | 86 | 10 |
| | Извршување на кривични глоби , трошоци | 389 | 253 | | 642 | 513 | 129 |
| | Изврш. на крив. и прекрш. санкции и алтерн. | 202 | 478 | | 680 | 602 | 78 |
| | Кривичен совет за прекроци | 1 | 13 | | 14 | 13 | 1 |
| **ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | | **4303** | **8420** | **13** | **12710** | **10432** | **2278** |
| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | Парнични мала вредност | 191 | 283 | | 474 | 286 | 188 |
| | Имотни спорови - проширена надлежност | 333 | 293 | | 626 | 361 | 265 |
| | Семејни спорови | 65 | 135 | | 200 | 137 | 63 |
| | Облигациони спорови | 256 | 171 | | 427 | 234 | 193 |
| | Работни спорови | 111 | 277 | | 388 | 227 | 161 |
| | Трговски спорови | 31 | 62 | | 93 | 56 | 37 |
| | Платни налози по приговор | 292 | 377 | | 669 | 486 | 183 |
| | Стечај | 46 | 96 | | 142 | 85 | 57 |
| | Ликвидација | | 3 | | 3 | 3 | |
| | П.П.Н.И. | 8 | 400 | 1 | 407 | 394 | 13 |
| | ЗАВ | 7 | 1144 | 1 | 1150 | 1146 | 4 |
| | Против извршување | 4 | 2 | | 6 | 5 | 1 |
| | Оставина по приговор | 11 | 9 | | 20 | 11 | 9 |
| | Замолници | 3 | 25 | | 28 | 24 | 4 |
| | Разни ВПП | 61 | 298 | | 359 | 302 | 57 |
| | Оставина | 9 | 848 | | 857 | 845 | 12 |
| | Физичка делба | 54 | 61 | | 115 | 50 | 65 |
| | ВПП | 250 | 796 | | 1046 | 581 | 465 |
| **ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | | **1732** | **5280** | **2** | **7010** | **5233** | **1777** |
| **Предмети од судска управа** | | 41 | 807 | | 848 | 845 | 3 |
| **Доверливи предмети во судска управа** | | | 4 | | 4 | 4 | |
| **Евиденција на претставки и поплаки** | | | 4 | | 4 | 4 | |
| **СЕ ВКУПНО** | | **6076** | **14515** | **15** | **20576** | **16518** | **4058** |

# 1. ИЗВЕШТАЈ ЗА СТАТИСТИКА НА ПРЕДМЕТИ

## -ОБЕМ НА РАБОТА

-ПРИЛИВ НА НОВИ ПРЕДМЕТИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ОСТАТОКОТ ОД ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

Во горната табела е прикажан сумарниот преглед кој се однесува на редовно примените предмети, заедно со повторно заведените предмети.

Од претходната 2015 година, во Основниот суд Охрид, од сите видови предмети останале нерешени 6076 предмети. Во текот на 2016 година, примени се вкупно 14515 нови предмети. Вкупно во работа до 31.12.2016 година, биле 20576 предмети, од нив во текот на 2016 година решени се 16518 предмети, а нерешени останале 4058 предмети погрешно заведени се вкупно 15 предмети.



**Годишен извештај**

# *Структура на предметите:*

*На 01.01.2016 година, вкупно нерешените 5.692 предмети ја имаат следната структура:*




*Новопримените предмети во текот на 2016 година, ја имаат следната структура:*



**Годишен извештај**

*Решените предмети во текот на 2016 година ја имаат следната структура:*




*Структурата на нерешените 4058 предмети е следна:*



## АЖУРНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДОТ

По видови на предмети состојбата во Основниот суд Охрид е следна:

### - КРИВИЧЕН ОДДЕЛ:

### Кривични предмети против полнолетни лица

Во почетокот на 2016 година, во овој оддел како нерешени од претходната година беа пренесени 251 предмети, во текот на 2016 година примени се 342 нови предмети, вкупно во работа во 2016 година биле 593 предмети, од кои во текот на 2016 година решени се 295 предмети, а нерешени останале 298 предмети.




### Кривични предмети против малолетни лица во текот на 2016 година

Во извештајниот период, од овој вид предмети вкупно во работа биле 15 предмети, од кои новопримени се 9 предмети, а остаток од претходната година се 6 предмети, решени во текот на 2016 година се 6 предмети, а нерешени останале 9 предмети.



**- Оцена на обвинителен акт**

Од претходната година во 2016 година , како нерешени, пренесени се 2 предмети , примени во извештајната година се 18 предмети, вкупно во работа биле 20, решени се 19 предмети, а нерешен останал 1 предмет за оцена на обвинителен акт




**- Определени дејствија во претходна постапка**

Од претходната година во 2016 година , како нерешени пренесени се 2 предмети, примени во извештајната година се 348 предмети, вкупно во работа биле 350, решени се 344 предмети, а нерешени останале 6 предмети од определени дејствија во претходна постапка.




**-Прекршочни предмети**

Во извештајната година прекршочни предмети вкупно во работа биле 2572 , од кои новопримени се 1303 а остаток од претходната година 1279 предмети, во текот на 2016 година решени се 1539, а останале нерешени 1033 предмети.



## ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

**-Спорови од мала вредност**

Во извештајната година вкупно во работа биле 474 предмети, од кои новопримени се 283 предмети, а нерешени од претходната година се 191 предмети, во текот на 2016 година решени се 286, а останале за решавање 181 предмети.




**-Имотни спорови**

Во извештајната година вкупно во работа биле 626 предмети, од кои новопримени се 293 предмети, а нерешени од претходната година се 333 предмети, во текот на 2016 година решени се 361, а останале за решавање 265 предмети.




**-Семејни спорови**

Во извештајната 2016 година вкупно во работа биле 200 предмети, од кои новопримени се 135 предмети, а нерешени од претходната година се 65 предмети, во текот на 2016 година решени се 137, а останале за решавање 63 предмети.



**- Облигациони спорови**

Во извештајната година вкупно во работа биле 427 предмети, од кои новопримени се 171 предмети, а нерешени од претходната година се 256 предмети, во текот на 2016 година решени се 234 предмети, а останале за решавање 193 предмети.




**-Работни спорови**

Во извештајната година вкупно во работа биле 388 предмети, од кои новопримени се 277 предмети, а нерешени од претходната година се 111 предмети, во текот на 2016 година решени се 227, а останале за решавање 161 предмети.




**-Трговски спорови**

Во извештајната година вкупно во работа биле 93 предмети, од кои новопримени се 62 предмети, а нерешени од претходната година се 31 предмети, во текот на 2016 година решени се 56, а останале за решавање 37 предмети.



**-Стечајни предмети**

Во почетокот на 2016 година, во овој оддел како нерешени од претходната година беа пренесени 46 предмети, новопримени се 96 предмети, вкупно во работа во 2016 година биле 142 предмет , од кои во 2016 година се решени 85 предмети, а нерешени останале 57 предмети.




# Вонпроцесни предмети

**-Физичка делба**

Од 2015 година нерешени останати се 54 предмети за физичка делба, новопримени се 61 предмети, вкупно во работа во текот на 2016 година биле 115 предмети, од кои решени се 50 предмети, а нерешени останале 65 предмети.




**-Вон парнични предмети ВПП**

Од 2015 година нерешени останати се 250 предмети, новопримени се 796 предмети, вкупно во работа во текот на 2016 година биле 1046 предмети, од кои решени се 581 предмети, а нерешени останале 465 предмети.



**-Разни ВПП предмети**

Од 2015 година префрлени се 61 нерешени предмети, новопримени се 298 предмети, вкупно во работа во текот на 2016 година биле 359 предмети, од кои решени се 302 предмети, а нерешени останале 57 предмети.




**-Оставински предмети**

Од 2015 година, нерешени останати се 9 предмети, новопримени се 848 предмети, вкупно во работа во текот на 2016 година биле 857 оставински предмети, од кои решени се 845 предмети, а нерешени останале 12 предмети.




**-ППНИ предмети**

Од 2015 година, нерешени останати се 8 предмети во текот на 2016 година новопримени се 400 предмети, вкупно во работа се 407 предмети, од кои во 2016 година се решени 394 предмети, а нерешени останале 15 предмети.



**-Платни налози по приговор**

Од 2015 година, нерешени останати се 292 предмети, новопримени се 377 предмети, вкупно во работа во текот на 2016 година биле 669 предмети, од кои решени се 486 предмети, а нерешени останале 183 предмети.




## СТАРИ НЕРЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ:

Во Основниот суд Охрид има вкупно 543 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година, од кои:

-спорови од мала вредност 13 предмети,
-имотни спорови 73,
-трговски спорови 3,
-стечајни 9 ,
-кривични према полнолетни 83 предмети,
-прекршочни 169 ,
-ВПП предмети 75,
-оставински по приговор 7,
-платни налози по приговор 7,
-КУИКП 17,
-ИСАМ 2,
-КС 4,
-Работни спорови 4,
-Облигациони спорови 65,
-Семејни спорови 2,
-Кривични малолетни 1,
-ИПРК 2,
-РВПП 4,
-ЗАМ 1,
-ЗАВ 1,
-ПИ 1,

По години структурата на стари нерешени предмети е следна: од 2007 год. 2, од 2008 год. 3, од 2009 год. 5, од 2010 год. 2 , од 2011 год. 14 , од 2012 год. 29 , од 2013 год. 112 и од 2014 год. 376 стари нерешени предмети.




*-По судии состојбата со стари нерешени предмети заклучно со 2014 година е следна:*

Судијата **Богоја Стрезоски** вкупно има 6 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година и тоа: 2011 год. 1 , од 2013 год.3 и од 2014 година има 2 предмети.

Судијата **Ирена Петреска** вкупно има 6 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година и тоа: 2011 год. 1 , од 2012 год.1, од 2013 год. 2 и од 2014 година има 2 предмети.

Судијата **Трајче Скрчески** вкупно има 44 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година и тоа: од 2013 год. 1 и од 2014 година има 43 предмети.

Судијата **Радица Ристеска** вкупно има 32 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година и тоа: од 2009 год. 1, од 2010 год. 1, од 2011 год. 2 , од 2012 год. 3, од 2013 год. 12 и од 2014 година има 13 предмети.

Судијата **Ристо Силјаноски** вкупно има 75 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година и тоа: од 2009 год. 2, од 2012 год. 6 , од 2013 год.14 и од 2014 година има 53 предмети.

Судијата **Снежана Јаневска** вкупно има 37 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година и тоа: од 2013 год. 2 и од 2014 година има 35 предмети.

Судијата **Владо Дејаноски** вкупно има 24 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година и тоа: од 2013 год. 5 и од 2014 година има 19 предмети.

Судијата **Владо Крлески** вкупно има 11 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година и тоа: од 2013 год. 4 и од 2014 година има 7 предмети.

Судијата **Весна Кичеец** вкупно има 16 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година и тоа: од 2011 год. 4, од 2012 год. 1, од 2013 год. 3 и од 2014 година има 8 предмети.

Судијата **Зумбуле Даути** вкупно има 45 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година и тоа: од 2012 год. 1, од 2013 год. 8 и од 2014 година има 36 предмети.

Судијата **Јагода Трпеска** вкупно има 53 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година и тоа: од 2012 год. 4, од 2013 год. 16 и од 2014 год. 33 предмети.

Судијата **Вулнет Винца** вкупно има 52 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година и тоа: од 2007 год. 1, од 2009 год.1, од 2012 год. 1, од 2013 год. 9 и од 2014 година има 40 предмети.

Судијата **Бојан Мартиноски** вкупно има 47 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година и тоа: од 2008 год. 2, од 2009 год. 1, од 2010 год. 1, од 2011 год. 4, од 2012 год. 9, од 2013 год. 11 и од 2014 год. има 19 предмети.

Судијата **Милка Танеска** вкупно има 72 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година и тоа: 2008 год. 1, од 2011 год.2, од 2012 год. 3, од 2013 год. 20 и од 2014 год. 46 предмети.

Судијата **Билјана Белеска Пројкоска** вкупно има 10 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година и тоа: од 2013 год. 2 и од 2014 година има 8 предмети

.Судијата **Ефтим Попески** вкупно има 10 стари нерешени предмети заклучно со 2014 година и тоа: 2007 год. 1 , од 2013 год. 1 и од 2014 година има 8 предмети.

## КВАЛИТЕТ:

### -ПРЕГЛЕД ЗА КВАЛИТЕТ НА РАБОТА НА СУДИИТЕ ВО ОСНОВНИОТ СУД ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА ВО ГРАЃАНСКОТ ОДДЕЛ

По однос на критериумот за оценка на квалитетот согласно односот меѓу бројот на потврдени, укинати и преиначени одлуки во однос на вкупниот број на решени предмети во граѓанскиот оддел е следниот:

Судијата **Владо Крлески** има вкупно 265 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 57 предмети, укинати се 19 , делумно укинати се 4 предмети, а преиначени се 8 предмети отфрлен е 1 предмет. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 7,2% укинати предмети, 1,5% делумно укинати, 3% преиначени предмети и отфрлени се 0,4%, што значи дека останатите 87,9% се потврдени.

Судијата **Вулнет Винца** има вкупно 574 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 33 предмети, укинати се 28 , делумно укинати се 2 предмети, а преиначени се 2 предмети . Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 4,9% на укинати предмети, 0,3% делумно укинати, 0,3% преиначени предмети, што значи дека останатите 94,5% се потврдени.

Судијата **Трајче Скрчески** има вкупно 378 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 91 предмети, укинати се 51 , делумно укинати се 9 предмети, преиначени се 15 предмети и 2 птедмети се отфрлени. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 13,5% на укинати предмети, 2,4% делумно укинати, 4% преиначени предмети , отфрлени се 0,05%, што значи дека останатите 80,1% се потврдени.

Судијата **Богоја Стрезоски** има вкупно 299 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 81 предмети, укинати се 27 , делумно укинат е 1 предмет, а преиначени се 5 предмети, отфрлен е 1 предмет. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 9% на укинати предмети,

0,3% делумно укинати, 1,7% преиначени предмети, отфрлени се 0,3%, што значи дека останатите 88,7% се потврдени.

Судијата **Владо Дејаноски** за 9,5 месеци, бидејќи беше на боледување, има вкупно 277 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 57 предмети, укинати се 43 , делумно укинати се 2 предмети, а преиначени се 18 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 15,5% на укинати предмети, 0,7% делумно укинати, 6,5% преиначени предмети, што значи дека останатите 77,3% се потврдени.

Судијата **Ристо Силјаноски** има вкупно 208 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 40 предмети, укинати се 23 , делумно укинати се 2 предмети, а преиначени се 4 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 11,1% на укинати предмети, 1% делумно укинати, 1,9% преиначени предмети што значи дека останатите 86% се потврдени.

Судијата **Ирена Петреска** за 9,5 месеци, бидејќи беше на боледување, има вкупно 173 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 39 предмети, укинати се 12 , преиначени се 5 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 6,9% на укинати предмети, 2,9% преиначени предмети што значи дека останатите 90,2% се потврдени.

Судијата **Снежана Јаневска** има вкупно 582 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 47 предмети, укинати се 19 , делумно укинати се 2 предмети, а преиначени се 7 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 3,3% на укинати предмети, 0,3% делумно укинати, 1,2% преиначени предмети што значи дека останатите 95,2% се потврдени.

Судијата **Ефтим Попески** има вкупно 293 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 76 предмети, укинати се 30 , делумно укинати се 6 и преиначени се 7 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 10,2% на укинати предмети, 2% делумно укинати и 2,4% преиначени предмети, што значи дека останатите 85,4% се потврдени.

**-ПРЕГЛЕД ЗА КВАЛИТЕТ НА РАБОТА НА СУДИИТЕ ВО ОСНОВНИОТ СУД ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА ВО КРИВИЧНИОТ ОДДЕЛ**

По однос на критериумот за оценка на квалитетот согласно односот меѓу бројот на потврдени, укинати и преиначени одлуки во однос на вкупниот број на решени предмети во кривичниот оддел е следниот:

Судијата **Бојан Мартиноски** има вкупно 2764 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 20 предмети, укинати се 15 , преиначени се 5 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 0.5% на укинати предмети, 0.2% преиначени предмети што значи дека останатите 99,3% се потврдени.

Судијата **Весна Кичеец** има вкупно 1830 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 20 предмети, укинати се 7 , делумно укинат е 1 предмет, преиначени се 3 предмети, отфрлен е 1 предмет . Имајќи го во предвид односот со

вкупниот број на решени предмети судијата има 0,4% на укинати предмети,делумно укинати се 0,1%, преиначени предмети се 0,2%, отфрлрни 0,1%, што значи дека останатите 99,2% се потврдени.

Судијата **Билјана Белевска Пројковска** има вкупно 1802 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 14 предмети, укинати се 10 , делумно укинати се 2 предмети, преиначени се 3 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 0,6% на укинати предмети, 0,1% делумно укинати, 0,2% преиначени предмети што значи дека останатите 99,1% се потврдени.

**-ПРЕГЛЕД НА КВАЛИТЕТОТ НА ПРЕКРШОЧНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВО ПРЕКРШОЧНИОТ ОДДЕЛ ЗА 2016 ГОДИНА**

Квалитетот на решените предмети во прекршочниот оддел е следниот:

Судијата **Јагода Трпеска** има вкупно 455 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 75 предмети, укинати се 49 , преиначени се 12 предмети и отфрлени се 5 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 10,8% на укинати предмети, 2,6% преиначени предмети и 1% отфрлени предмети, што значи дека останатите 85,6% се потврдени.

Судијата **Зумбуле Даути** има вкупно 620 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 21 предмети, укинати се 70 , делумно укинати се 3 предмети, преиначени се 6 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 11,3% на укинати предмети, 0,5% на делумно укинати, 1% преиначени предмети, што значи дека останатите 87,2% се потврдени.

Судијата **Милка Танеска** има вкупно 1155 решени предмети. Од вкупно обжалените предмети потврдени се 50 предмети, укинати се 23 , делумно укинати се 2 предмети, преиначени се 16 предмети. Имајќи го во предвид односот со вкупниот број на решени предмети судијата има 2% на укинати предмети, 0,2% на делумно укинати, 1,4% преиначени предмети, што значи дека останатите 96,4% се потврдени.

## - Квалитет на предмети на ниво на суд:

| Решени | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Делумно укинати | | Отфрлени | | Друго | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16518 | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| | 15888 | 96,2 | 456 | 2,3 | 123 | 0,7 | 41 | 0,2 | 10 | 0,06 | | |

**-Кривичен оддел**

| Решени | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Делумно укинати | | Отфрлени | | Друго | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10432 | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| | 10175 | 97,5 | 192 | 1,8 | 51 | 0,5 | 8 | 0,08 | 6 | 0,06 | | |

**-Граѓански оддел**

| Решени | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Делумно укинати | | Отфрлени | | Друго | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5233 | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| | 4860 | 92,9 | 264 | 5 | 72 | 1,4 | 33 | 0,6 | 4 | 0,08 | | |

**АНГАЖИРАЊЕ НА СУДИИТЕ**

Судиите кои постапуваат по кривичната материја ги имаат следните резултати:

**-КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ**

Во 2016 година судијата **Весна Кичеец** решила 1830 предмети и тоа: 92 кривични предмети против полнолетни лица, 11 кривични предмети против малолетници, постапувала по 46 определени дејствија во претходна постапка, 5 оценки на обвинителен акт, 11 КС предмети , решила 39 прекршочни предмети, 278 разни прекршочни предмети, 1346 разни кривични предмети и 2 замолници.

Во 2016 година судијата **Билјана Белевска** решила 1802 предмети и тоа: 86 кривични предмети против полнолетни лица, 1 малолетнички, постапувала по 28 определени дејствија во претходна постапка, 7 оценки на обвинителен акт, 193 разни кривични предмети, 28 КУИКП предмети, постапувала по 229 ИСАМ, 1041 ИПРК предмети, 4 ПРК , 36 ИОИП предемти, 149 ИКС.

Во 2016 година судијата **Бојан Мартиноски** решил 2764 предмети и тоа: 90 кривични предмети против полнолетни лица, постапувал по 5 определени дејствија во претходна постапка, 7 оценки на обвинителен акт, 1 предмет од кривичен совет, 36 КУИКП предмети, постапувал по 373 ИСАМ, 1838 ИПРК предмети, 50 ИОИП предемти, 364 ИКС.

**-ПРЕКРШОЧЕН ОДДЕЛ**

Во 2016 година судијата **Јагода Трпеска** решила 455 предмети и тоа: 444 прекршочни предмети, постапувала по 6 определени дејствија во претходна постапка и 5 КС предмети.

Во 2016 година судијата **Зумбуле Даути** решила 620 редовни примени предмети и тоа: 604 прекршочни предмети, постапувала по 11 определени дејствија во претходна постапка, 2 КС предмети, 1 ПРКР предмет, 2 ИПРК предмети.

Во 2016 година судијата **Милка Танеска** решила 1155 предмети и тоа: постапувала по 248 определени дејствија во претходна постапка, 10 КС предмети, 1190 разни кривични предмети, 448 прекршочни предмети, 1 разни прекршочни предмети, 43 ЗАМ, 208 ЗАВ, 1 кривично полнолетни, 4 СУ предмети и 2 ППНИ.

**-ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ**

Судијата **Владо Крлески** во текот на 2016 година решил 368 предмети и тоа: 5 имотни спорови, 30 спорови од мала вредност, 50 трговски спорови, 85 стечајни предмети, 29 разни ВПП предмети, 63 платни налози по приговор, 3 облигациони спорови.

Судијата **Вулнет Винца** во текот на 2016 година решил 574 редовни примени предмети и тоа: 27 физичка делба, 113 оставина, 9 оставина по приговор,

187 разни ВПП, 3 ЗАВ, 207 вонпарнични предмети (ВПП), 24 ЗАМ, 1 ТС и 3 ликвидации.

Судијата **Трајче Скрчески** во текот на 2016 година решил 326 предмети и тоа: 82 имотни спорови, 49 спорови од мала вредност, 104 платни налози по приговор, 23 семејни спорови, 45 облигациони спорови, 29 разни ВПП, 1 физичка делба, 4 Заверки , 36 вонпарнични предмети (ВПП) , 5 ПИ.

Судијата **Ристо Силјаноски** во текот на 2016 година решил 208 предмети и тоа: 72 имотни спорови, 49 спорови од мала вредност, 8 платни налози по приговор, 29 семејни спорови, 34 облигациони спорови, 10 разни ВПП, 1 Вонпарнични предмети (ВПП), 4 ЗАВ.

Судијата **Ирена Петреска** за 9,5 месеци во текот на 2016 година решила 173 редовни примени предмети и тоа: 34 имотни спорови, 42 спорови од мала вредност, 26 платни налози по приговор, 22 семејни спорови, 32 облигациони спорови, 15 ВПП и 2 Заверки.

Судијата **Владо Дејаноски** за 9,5 месеци во текот на 2016 година решил 277 предмети и тоа: 52 имотни спорови, 35 спорови од мала вредност, 77 платни налози по приговор, 22 семејни спорови, 36 облигациони спорови, 50 ВПП, 2 ТС и 3 ЗАВ.

Судијата **Богоја Стрезоски** во текот на 2016 година решил 299 предмети и тоа: 62 имотни спорови, 41 спорови од мала вредност, 81 платни налози по приговор, 19 семејни спорови, 45 облигациони спорови, 3 работни спорови, 46 ВПП предмети и 2 ЗАВ.

Судијата **Ефтим Попески** во текот на 2016 година решил 293 предмети и тоа: 50 имотни спорови, 39 спорови од мала вредност, 90 платни налози по приговор, 21 семејни спорови, 37 облигациони спорови, 50 ВПП, 2 ТС и 4 ЗАВ.

Судијата **Снежана Јаневска** во текот на 2016 година решила 582 предмети и тоа: 224 работни спорови, 4 имотни спорови, 176 вонпарнични предмети, 84 оставина, 2 оставина по приговор, 47 разни ВПП, 22 физичка делба, 2 облигациони спорови,1 семејни спорови, 1 парнични мала вредност и 19 ЗАВ .

## -РАБОТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ

Во 2016 година претседателот на судот **Милчо Клишески** вкупно постапувал по 4015 предмети и тоа: 293 КС предмети, 729 СУ предмети, 392 ППНИ , 4 евиденција на претставки и поплаки, 1591 Разни кривични предмети, 96 разни прекршочни предмети, 13 ПРК-ПОВ, 897 ЗАВ

**Годишен извештај**

Во тековната година одржани се 24 седници на кои се разгледувани прашања за организирање на работата и разрешување на тековните проблеми во работењето.

На секој стручен колегиум, како точка на дневен ред се разгледувани прашањата за старите нерешени предмети и тоа еднаш месечно, за кои предмети секој судија поединечно доставува месечен писмен извештај до претседателот на судот за секој нерешен предмет, причините и превземените активности за решавањето на предметите, а примерок од овие извештаи редовно се доставуваат до Претседателот на Апелациониот суд Битола и до Судскиот совет на РМ.

Во текот на 2016 година повеќе пати беа одржувани состаноци на ниво на Апелациониот суд Битола и тоа сите претседатели на основните судови со претседателот на Апелациониот суд Битола на кој состаноци се разгледувани прашања кои се во надлежност на работата на судовите, проблемите кои произлегуваат во текот на работењето и се предлагани решенија и мерки за нивно надминување, на кои состаноци посебен акцент се ставаше на старите нерешени предмети со конкретни предлози за нивно решавање.

Одржани се неколку состаноци со претставниците на Адвокатската комора од Охрид, извршителите и нотарите именувани за подрачјето на овој суд на кои се разгледувани начините за унапредување на соработката со нив и надминување на тековните проблеми како и работни посети во насока на решавање на предметите.

Одржани се состаноци и со Основното јавно обвинителство и Државното правобранителство околу заедничкото функционирање бидејќи истите се сместени во зградата на судот.

Извршените работи се превземени како претседател на судот и претседател на Кривичен совет.

**-УСЛОВИ ЗА РАБОТА**

Основниот суд Охрид во остварување на својата функција се соочува со материјални и финансиски проблеми односно заради немање на средства судот не располага со неопходни законски прописи во доволен број, не се исплатуваат редовно надоместоците на судиите поротници и адвокатите поставени како бранители по службена должност во кривичната постапка нема средства за благовремено извршување на вештачењата, а добар дел од тие што се завршени не се исплатени.

Напоменуваме дека судот има неизмирени обврски за потрошени: вода, електрична енергија, телефони, поштенски услуги, нафта за греење, тонери, хартија за печатење, за печатени обрасци и за тековно одржување на судската зграда. За сите неподмирени обврски кои ги има судот редовно секој месец писмено се известува Судскиот буџетски совет .

Во 2016 година на Основниот суд Охрид на име капитални инвестиции не му беа одобрени парични средства.

Во 2016 година, судот работеше со двајца судии помалку поради боледување и тоа цела година и двајца судии, исто така поради боледување, во траење од еден месец.

## -РАБОТАТА НА СУДОТ И СУДИИТЕ

Во однос на квалитетот како целина во судот може да се каже дека резултатите се задоволителни, а за постигнување на подобри резултати потребно е да се обрне внимание на квалитетот на решавањето на предметите, при што битен фактор за подобрувањето на квалитетот претставува и работата на Апелациониот суд Битола, со воедначување на судската практика.

Секако дека во однос на квалитетот на решените предмети големо влијание има и фактот што постоеше зголемување на ангажираноста на судиите во решавањето на предметите што резултира со надминување на ориентационата норма, а и фактот што во текот на цела 2016 година се обрати особено внимание на решавање на старите нерешени предмети.

Бројот на старите нерешени предмети изнесува 543 заклучно со 2014 година од вкупно нерешените 4.058 предмети. Кога ќе сеземе структурата произлегува дека старите нерешени предмети изнесуваат 13,3% од вкупниот број на нерешени предмети.

За постигнување на подобри резултати секако е потребно да се заложи Министерството за правда и Судскиот буџетски совет, со обезбедување на финансиски средства за пополнување на извршителите предвидени во Систематизацијата и подмирување на долговите, како и поголемо ангажирање на судиите во решавањето на старите нерешени предмети.

Судијата за да го зачува својот статус покрај другото потребен е и соодветен материјален надоместок за вложениот труд, а исто така и за останатите вработени во судот со оглед да извршувањето на работните обврски е во тесна соработка со вработените во судот.

## -ПРЕДЛОЗИ И МЕРКИ

Да се обезбедат средства за вештачење во кривичните предмети (обдукции и др.) а надоместоците за истите да се плаќаат преку Судскиот буџетски совет како и средства за редовна исплата на вештаците, бранителите поставени по службена должност, судиите поротници и за нормално тековно работење на судот.

Да се обезбедат средства за уште една цистерна за нафта, промена на кровна конструкција, набавка на компјутери и печатари во доволен број, набавување на стручна литература за библиотеката, униформи и друга потребна опрема за судската полиција, бидејќи униформите до сега од 1997 година воопшто не се сменети, исто така да се обезбедат и средста за одржување на судската зграда.

Разрешување на просторниот проблем кој се провлекува во овој суд многу години station наназад, бидејќи во зградата на судот се сместени и Државното Правобранителство Охрид и Основното Јавно Обвинителство Охрид така што кабинетите на судиите се разместени по целиот суд и не е можно истите да бидат сместени на еден спрат што секако има влијание и врз безбедноста поради што овој предлог нека служи и како барање до надлежните да ДП на РМ Охрид и ОЈО Охрид бидат иселени од судската зграда и сместени во за нив соодветни простории.

На крајот од извештајот би истакнале дека потребно е од сите извршители да се вложат напори за постигнување на уште подобри резултати во наредната година.

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Основниот суд Охрид 2016 година ја заврши со вкупно 94 вработен од кои 17 судии и претседател на судот.

Како најприоритетни вработувања во судот кои треба да се пополнат, се следните работни места: Раководни судски службеници - 3 извршители, Информатичар - 1 извршител, Дактилографи 2 – извршител и оператор на телефонска централа 1- извршител.

Обуките на вработените се реализираат согласно распоредот изработен од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и истите имаат позитивен ефект во подобрување на квалитетот на работење, посебно во разрешување на одредени правни прашања.

## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА

Во Основен суд Охрид се врши редовна анализа на судската пракса а со цел унапредување на правната мисла и тоа на ниво на судот и поединечно на ниво на оддели кои работат во состав на овој суд.

Во смисла на подобра унификација и хармонизирање на судската пракса на апелациското подрачје Битола, а заради подигање на степенот на правна сигурност и еднаквост на странките во постапките кои се водат пред овој суд, редовно секој месец и тоа до 5-ти во месецот се одржува Седница на судиите на Основен суд Охрид на која покрај разгледување на месечните извештаи за работата на секој судија поединечно и на судот како целина, како и разгледувањето на состојбата со стари нерешени предмети се води дискусија помеѓу судиите за унификација на судската пракса.

Дискусиите кои се водат на одржаните месечни седници на судии се состојат во разгледување на поединечни предмети и одлуки на овој суд и Апелациониот суд Битола и заземање на мислења и ставови за постапувањето и одлучувањето.

Редовно еднаш месечно а доколку се јави потреба во оваа смисла се одржуваат и повеќе пати состаноци на кривичен и граѓански оддел на овој суд на кои состаноци се разгледуваат правни прашање врз основа на што се носат заклучоци и ставови кои редовно доколку има потреба се доставуваат со барање за заземање на став до одделите во Апелационен суд Битола повторно со цел усогласување на судската пракса. Истоемено на овие состаноци сите судии од страна на Претседателот на судот и претседателите на одделите се запознаваат со донесени

заклучоци за заземени ставови и мислења од страна на Апелациониот суд Битола и сите одржани работни средби.

Треба да се напомене дека усогласувањето на судската пракса на овој суд и одделите кои работат во состав на истиот е олеснето со оглед дека со измените кои се воведуваат во судскиот систем, судиите сега имаат пристап до јавно објавените одлуки на сите судови во државата, ќе имаат достапност до дата базата за судска пракса на Врховен суд на РМ како и публикациите од пресуди донесени од Европскиот суд за човекови права што обезбедува и ќе го зголеми степенот на усогласеност на судската пракса и единство во примената на законите за што континуирано се води сметка Основен суд Охрид.

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Во 2016 година во канцеларијата за односи со јавност беа примени и одговорени 8 барања. Барањата кои што беа примени во канцеларијата најчесто се однесуваа на давање на статистички податоци од работата на судот.

На WEB страната на судот во текот на 2016 година се објавени 953 анонимизирани одлуки. Бројот на анонимизираните одлуки во многу зависи од информатичката опрема (квалитет на компјутери) како и од дизајнот на Web страната и брзината на интернет врската. Имено судот се соочува со стари компјутери кои бараат подолго време од вообичаеното за објавување на одлуките.

На WEB страната редовно се објавува календарот на судења како и други актуелни соопштенија поврзани со работата на судот.

## 5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

**Персонални компјутери** - Во Основниот суд Охрид моментално има 92 персонални компјутери. Според карактеристиките и старосната состојба на опремата може да се заклучи дека во голем дел истата не ги исполнува основните барања за ефикасно и брзо извршување на работните задачи на вработените. Заради надминување на овој проблем неопходна е замена на постоечките дотраени компјутери и компјутери со несоодветни карактеристики со компјутери кои ќе ги исполнуваат потребните стандарди за работа. Факт е дека дел од судиите, сите стручни соработници, административните работници во шалтер салата и судниците располагаат со несоодветни компјутери. За да се надмине овој проблем потребни се минимум 47 персонални компјутери.

**Печатари** - Печатарите се доста стари со завиден век на траење. Со набавка на 15 локални и 2 мрежни печатари и со извесна прераспределба на постоечките состојбата во судот значително би се подобрила.

**Состојба со сервери-** Моментално располагаме со сервер од типот Fujitsu, и засега ги задоволува потребите во однос на работењето во нашиот суд.

**Состојба со компјутерската мрежа -**Моменталната состојба со мрежната опрема ги задоволува постоечките потреби, меѓутоа ако се набават нови компјутери сметаме дека ќе има потреба од дополнителни свичеви.

**Апликации и активности** -Во судот активно работи АКМИС апликацијата која редовно се ажурира и континуирано се врши обука за измените и новините кои се воведуваат.

Во 4 судници воведено е тонско снимање на граѓанските предмети преку FEMIDA апликацијата истото се спроведува согласно судскиот деловник .

Се спроведува и првата фаза за електронска достава на поднесоци до странките.

## 6. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ

Судот располага со две службени возила кои се во дотраена состојба и нивната употреба претставува ризик на вработените кои ги користат истите. Потребно е обновување на возниот парк со квалитетни и економични возила.

Во однос на безбедноста на предметите во судот треба да се каже дека за задоволување на потребите за архивирање потребно е да се обезбеди уште една просторија.

За безбедноста на вработените и странките се грижи судската полиција која е присутна во судот 24 часа. Судската зграда е обезбедена и со видео надзор како и со картички за евиденција на пристап во судските простории освен во просториите кои се наменети за странки (шалтер сала, судници и сл.)

## 7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ИЗВРШЕНИ И ПЛАНИРАНИ

Во текот на 2016 година спроведени се 4 јавни набавки и тоа:

- **Екстра лесно гориво за греење** со износ на договорот од 1.193.239,60 денари склучен со фирмата ДПТУ “ПУЦКО ПЕТРОЛ“ ДООЕЛ од с.Пласница.
- **Печатен материјал и пликови**

Склучени се договори во вкупна вредност од 283.542,20 денари и тоа:

-со вкупен износ на договори од 159.005,00 денари склучени со фирмата “АСТИГ ТРЕЈД“ ДООЕЛ од Битола.

-со вкупен износ на договор од 124.537,20 денари склучен со фирмата “ПЕЛИКАН КОРПОРАТИОН“ ДООЕЛ од Струга.

- **Компатибилни тонери**

Склучени се договори во вкупна вредност од 149.706,31 денари и тоа:

-со вкупен износ на договори од 98.304,71 денари склучени со фирмата “СПРИНТ СОЛУШНС“ ДООЕЛ од Скопје.
-со вкупен износ на договори од 46.397,60 денари склучени со фирмата “ЕКОС“ ДООЕЛ од Тетово.
-со вкупен износ на договор од 1.711,00 денари склучен со фирмата “СЕРВИС БИРО ЏАНИ“ ДООЕЛ од Охрид.
-со вкупен износ на договор од 3.293,00 денари склучен со фирмата “НЕИМАР-С“ ДООЕЛ од Охрид.

- **Моторни бензини и дизел гориво** во износ на договорот од 84.000,00 денари склучен со фирмата “МАКПЕТРОЛ“ АД од Скопје.

**СУ БР. 01-3/2017**
**06.02.2017 год.**

**ОСНОВЕН СУД ОХРИД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,**
**МИЛЧО КЛИШЕСКИ с.р.**